Република Северна Македонија
Општина Новаци
Бр. 08-9/1
03.01.2022 год
Новаци

Општина Новаци, 7211 Новаци, Република Македонија
тел. 047203060; email: opstina@opstinanovaci.gov.mk; novacio@t.mk

Врз основа на член 22, став 1, точка 2; член 36, став 1. точка 1 и 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 67-а од Законот за градење (Сл. Весник на РМ 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.244/19) и член 101 од Законот за домување, („Службен Весник на Република Македонија бр. 99/09, 57/10, 36/11, 54/11, 13/12, 55/13, 163/13, 42/14, 199/14, 146/15, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18 и 64/18),член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на Општина Новаци ((Службен гласник на Општина Новаци бр. 9/19) а во согласност со Дополнување на Програмата за заштита на животната средина на Општина Новаци за 2021 година бр. 14-932/20 од 16.11.2021 година (Службен гласник на Општина Новаци бр. 20/21), Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка односно субвенционирање на жителите на Општина Новаци за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбените објекти за индивидуално домување бр.14-1035/26 од 13.12.2021 г. („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.21/21), и Буџетот на Општина Новаци за 2022 година, Програма Р1-Заштита на животна средина („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.20/21),Одлука за измени и дополнување на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка односно субвенционирање на жителите на Општина Новаци за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбените објекти за индивидуално домување бр.14-1079/21 од 29.12.2021 г. („Службен гласник на Општина Новаци“ бр.22/21), Градоначалникот на Општина Новаци, донесе одлука за објавување на:

ЈАВЕН ПОВИК

за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка односно субвенционирање на жителите на Општина Новаци за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбените објекти за индивидуално домување

1. Со овој Повик се одредуваат условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка односно субвенционирање на жителите на Општина Новаци за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбени објекти за индивидуално домување, средства обезбедени од Буџетот на Општина Новаци за 2022 година. Целта на овој повик е остварување на политиката на енергетска ефикасност за објектите преку мерки и активности за ефикасно користење на енергијата, заштеда на енергија со што се обезбедува остварување на целите на одржливиот енергетски развој, намалување на негативните влијанија врз животната средина при вршењето на енергетските дејности и потрошувачка на енергија, подобрување на сигурноста во снабдувањето со енергија како и исполнување на меѓународните обврски на нашата држава.

2. Корисници на финансиската поддршка се сопствениците на станбени објекти за индивидуално домување на територијата на Општина Новаци, кои аплицираат врз основа на

овој јавен повик за финансиска поддршка за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбени објекти за индивидуално домување во Општина Новаци, на следниот начин:
- пополнување на барање
- доставување на потребна документација
- исполнување на потребните услови

НАПОМЕНА: ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВА ПО ПРИНЦИПОТ ПРВ ДОЈДЕН – ПРВ УСЛУЖЕН, ДО ИСЦРПУВАЊЕ НА ПРЕДВИДЕНИТЕ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА ТАА НАМЕНА.

3. Финансиските средства на овој Повик се обезбедени од Буџетот на Општина Новаци – Програма Р1 – Заштита на животна средина, согласно Дополнувањето во Програмата за заштита на животна средина за 2021 година и Правилникот за субвенционирање на жителите на Општина Новаци за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбените објекти за индивидуално домување, во вкупен износ од 3.000.000,00 денари. Финансиските средства на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување.

4. Финансиските средства на овој Повик, ќе се користат за делумен надомест во висина од 30 % од вкупната сума на фактурата но не повисока од 90.000,00 денари (бруто износ) по барател кој ќе се исплаќа на сопствениците на станбените објекти за индивидуално домување за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади. Сопствениците на станбените објекти за индивидуално домување ќе ги обезбедат преостанатите финансиски средства од вкупниот износ од вредноста на инвестицијата односно 70 % и истото ќе го потврдат со платена фактура економски оператор (правно лице) со соодветна спецификација за вградени материјали во термоизолационата фасада.

5. За реализирање на средствата, Општина Новаци објавува јавен повик. Јавниот повик се објавува на огласната табла и на веб страната на Општина Новаци www.opstinanovaci.gov.mk, а исто така и на фан страната на социјалната мрежа Facebook на градоначалникот на Општина Новаци Стевче Стевановски.
Јавниот повик ќе трае 3 месеци од 03.01.2022 година до 03. 04.2022 година до реализирање на средствата предвидени за оваа намена со Буџетот на Општина Новаци за 2022 година.

6. Комплетното барање и потребната документација за надоместување на дел од трошоците направени при изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбени објекти за индивидуално домување, сопственикот на објектот ги поднесуваат, во затворен плик преку Архивата на Општина Новаци до комисијата формирана за таа намена, без означување на субјектот кој ја поднесува пријавата , најдоцна до 03.04.2022 година до 15:30 часот, со назнака: Јавен повик за финансиска поддршка односно субвенционирање на жителите на Општина Новаци за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбените објекти за индивидуално домување.
Архивата на Општина Новаци примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат и прифаќаат барањата (критериум: прв дојден – прв услужен) .
Кон барањето подносителот е должен да ја поднесе следната документација:

- Имотен лист (не постар од 6 месеци)да се докаже сопственоста на објектот од страна на барателот
- Понуда од економски оператор
- Копија од трансакциона сметка на барателот
- Копија од лична карта од барателот

- Изјава заверена на нотар од подносителот на барањето дека нема добиено финансиски средства за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади од било кој друг извор во Република Македонија.
- Фотографии (во боја) од објектот пред започнување со изградба на термоизолационата фасада

Напомена: Барател на субвенција за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбените објекти за индивидуално домување може да биде **лице жител на Општина Новаци чиј што објект се наоѓа на територијата на Општина Новаци** со целосно спроведена постапка за легализација на бесправно изграден објект – решение за утврдување на правен статус на бесправен објект издаден од страна на Општина Новаци – Одделение за комунални дејности, сообраќај, урбанизам, заштита на животна средина и локален економски развој.

Од периодот на поднесување на барањето, барателот има рок од 9 месеци да ги достави до Комисијата од член 8 на овој Правилник, следните документи:

- Платена фактура од економскиот оператор со комплетна спецификација на материјалите кои се користени и вградени при изградбата на термоизолационата фасада
- Фотографии во боја од станбениот објект по изградбата на термоизолациони фасадата.

Неуредните барања кои не се доставени на начин како што се бара во гореспоменатиот текст, односно кои содржат нецелосни податоци и некомплетна документација, како и оние кои нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да се разгледуваат.
Дополнителни информации може да се добијат на телефон: 047 20 30 60.

7. По комлетирањето на целосната документација од точка 6, Комисијата излегува на терен и ја утврдува фактичката состојба со објектот на барателот. Доколку се исполнети сите услови и истите соодејствуваат со поднесената документација, на предлог на Комисијата се склучува пред-договор за субвенционирање со барателот. Барателот е должен во рок од 9 месеци да ја заврши изведбата на термоизолационата фасата на објектот и да достави платена фактура за истата. Потоа Комисијата повторно излегува на терен и врши увид на завршената работа. Комисијата изготвува предлог листа за субвенционирање која ја доставува до Градоначалникот на Општина Новаци. По неговото одобрување на истата се составува конечна листа на барателиколи ќе бидат субвенционирани а со кои ќе се склучи договор за субвенционирање.

8. При теренска проверка од страна на Комисијата што задолжително ќе се спроведе кај сите барателиколи ќе ги задоволат условите на првичната проверка, подносителот треба да овозможи пристап до станбениот објект. Барателот на субвенција за термоизолациона фасада е должен да ја извести Комисијата за периодот на изведба на **градежните работи со цел Комисијата да изврши увид** на лице место, за утврдување на користените материјали за изведба на термоизолациона фасада.

9. Секој сопственик на станбен објект за индивидуално домување има право да поднесе само едно барање за финансиска подршка за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во тековната година.
Доколку Комисијата утврди дека се поднесени повеќе барања од ист барател и за ист станбен објект, писмено ќе го извести барателот да се изјасни кое барање да се прифати.

10. Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на критериумите од членот 10 на Правилникот за условите, критериумите, видот и начинот на финансиска поддршка односно субвенционирање на жителите на Општина Новаци за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади во станбените објекти за индивидуално домување и доставува предлог до

градоначалникот на Општина Новаци за усвојување или неусвојување на барањето за добивање на финансиски средства.
Градоначалникот на Општина Новаци носи решение доколку барањето се усвојува, а во случај на неусвојување на барањето, подносителот писмено се известува за неусвојувањето.
Подносителот на барањето е должен во рок од 30 дена од приемот на решението со кое се усвојува барањето, да склучи договор со економскиот оператор (правно лице) и во рок од 9 месеци да достави платена фактура за изградба на енергетски ефикасни домови и за тоа да ја извести Комисијата.
Доколку подносителот на барањето не постапи согласно ова, решението ќе се поништи.

11. Општина Новаци финансиските средства предвидени за оваа намена согласно Буџетот на Општина Новаци за 2022 година ќе ги исплати веднаш по поднесувањето на документите за исполнување на паричната обврска што ја има подносителот на барањето кон економскиот оператор за конкретната инвестиција.

12. Посебните услови односно критериуми за исполнување на енергетската ефикасност на изградените термо фасади се следните:

1. ТЕРМОИЗОЛАЦИОНИ ФАСАДИ

- Фасаден стиропор (d=5,8 ;10 sm со густина од минимум 17 кг/м3) обработен со лепак и завршен абриб во боја
- Термоизолациони фасади од пресована камена волна (тервол) (d=5,10) завршно обработена со лепак, мрежа и абриб како и дрвена ламперија

13. Комисијата конечната листа за субвенционирање ја објавува на веб страната на Општина Новаци www.opstinanovaci.gov.mk, на огласната табла на Општината како и на фан страната на Градоначалникот на Општина Новаци, Стевче Стевановски на социјалната мрежа на Facebook, а се доставува и известување до секој апликант посебно со соодветни податоци за постапката и насоки за понатамошна постапка на реализација на поддршката за проектот финансиска поддршка (субвенционирање) за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади.
Сите апликанти имаат право по објавата на потенцијалните корисници на субвенцијата да вршат увид во доставената документација и повлекување на истата.

14. По комплетирање на потребната документација, на предлог на Комисијата за имплементација на програмата за финансиска поддршка (субвенционирање) за изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациони фасади, Градоначалникот на Општина Новаци доставува засебни предлог Одлуки за одобрување финансиски средства до Советот на Општина Новаци.
По усвојување на Одлуката за одобрување финансиски средства од Советот на Општина Новаци, Градоначалникот на Општина Новаци потпишува Договор за одобрување на финансиски средства за предметната намена и донесува Решение за исплата на финансиски средства за предметната намена.
Исплатата на одобрените финансиски средства во висина на 90.000,00 денари (исплата на субвенцијата бруто износ) ќе се изврши по извршување на технички прием и записник од Комисијата која излегла на терен и направила увид во објектот кој е предмет на изградба на енергетски ефикасни домови односно изградба на термоизолациона фасада.

Градоначалник на Општина Новаци
Стевче Стевановски

Република Северна Македонија Општина Новаци